Врз основа на член 26 од статутот на АД Трготркстол Малопродажба Скопје и законските одредби од ЗТД , Собранието на акционери одржано на ден 31.05.2021 година ја донесе следната :

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОМЕНА НА СТАТУТОТ НА ДРУШТВОТО

**Член 1**

Се врши ИЗМЕНА И ДОПУНА на статутот на АД ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА Скопје БР.02-45 ОД 24.06.2019 ГОДИНА така да после членот 58 се додава нов член 58-а кој гласи:'

1.Обор на директорите одржува состаноци со лично учество на членовите на одборот во просториите на друштвото за што се води записникот кој го потпишуваат сите присутни членови..

2,Членовите на одбор на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок ,организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема ,со тоа што сите лица кои учествуват на така организираниот состанок можат да се слушат,да се гледат и да разговараат еден со друг.Учеството на состанокот се запишува во записникот кој го потпишуват сите членови кои учествувале на ваков состанок.

3.Одбор на директори може да одлучува и без одржувањето на состанокот ако сите членови на органот на управување дадат согласност за за одлуката којашто се донесува без одржување состанок

За сите одлуки донесени на наведениот начин претседателот на одбор на директори или физичко лице кое тој ќе го овласти подготвува записник во кој што се евидентираат одлуките.Записникот го потпишува претседателот а во неговото отсуство член на одборот ,најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката донесена без одржување состанок.

Одлуките донесени без одржување на состанок влегува во сила со денот на давање на согласноста од страна на сите членови на одборот,освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила.Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.